Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

26.07.2024

# ОТВОРЕН ПОВИК ЗА

# Изработка на два кратки документарни филмови

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ за потребите на проектот “Поддршка на одржливо управување со Споменикот на Природа Вевчански Извори” финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust и проектот „Заедно за реките“ финансиран од The Nature Conservancy објавува постапка за ангажман на физички и правни лица за изработка на два кратки документарни филма во две фази: 1) повик за учество и изразување интерес и 2) барање за доставување понуда.

## <u>Фаза 1: Повик за учество и изразување интерес</u>

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ во рамки на проектот “Поддршка на одржливо управување со Споменикот на Природа Вевчански Извори” и проектот „Заедно за реките“ има потреба од ангажирање на физичко или правно лице за изработка на два кратки документарни филма. Детален преглед со опис на работните задачи се наоѓа во Анекс 1 од овој Повик.

**Повикот за учество и изразување интерес е отворен од 26.07.2024 до 05.08.2024.**

Заинтересираните физички и правни лица, својот интерес можат да го изразат преку e-mail адресата contact@ekosvest.com.mk не подоцна од 05.08.2024 година во 16:00 часот со назнака „Изразување интерес за изработка на документарни филмови“.

**Документи кои треба да се достават при изразувањето интерес:**

За правно лице:

- Писмо за изразување интерес
- Кратко портфолио со изработени документарни филмови/видеа од сличен карактер
- Биографија на секој член од тимот (искуство во изработка на документарни филмови);
- Пополнета изјава за незапаѓање во ситуација која е основа за исклучување од учество во набавката (Анекс 2)

За физички лица:

- Писмо за изразување интерес
- Кратко портфолио со изработени документарни филмови/видеа од сличен карактер
- Биографија на секој член од тимот (искуство во изработка на документарни филмови);
- Потврда за посветеност: кодекс на однесување на Еко-свест и декларација за судир на интереси (Анекс 3), потпишана од сите членови на тимот апликанти.

Пријавите за изразување интерес кои ќе пристигнат по наведениот рок или без целосна документација, нема да бидат разгледувани.

**Очекуваме понуди од понудувачи кои е пожелно да ги исполнуваат следните критериуми:**

За правни лица:

- активна компанија која е формирана согласно македонските закони и постои најмалку 6 години, што се докажува со тековна состојба од Централниот регистар, не постара од шест месеци;
- изработени минимум 3 (три) документарни филма во последните 3 (три) години поврзани со заштита и унапредување на животната средина и природата;
- поседување на соодветни технички и административни капацитети и услови за продукција и пост-продукција на и видео материјали и графички содржини; камера, дрон, микрофон, аудио продукција;
- да поседува тим составен од: режисер, сценарист, сниматeл, што се докажува со приложување на соодветни работни биографии на професионалците коишто ќе бидат предложени како тим од страна на заинтересираните страни; доставувањето на работни биографии за секоја од бараните позиции за членовите на тимот е задолжително;
- соодветно работно искуство на секој член од предложениот тим кое нема да биде помало од 2 (две) години, што ќе може да се докаже преку деталните работни биографии;
- поседување препораки од коминтенти или партнери со кои претходно соработувале;
- способност за работа со крајни рокови и работа под притисок;

За физички лица:

- изработени минимум 3 (три) документарни филма во последните 3 (три) години поврзани со заштита и унапредување на животната средина и природата;
- поседување на соодветни технички и административни капацитети и услови за продукција и пост-продукција на видео материјали и графички содржини; камера, дрон, микрофон, аудио продукција;
- тим составен од: режисер, сценарист, сниматeл, што се докажува со приложување на соодветни работни биографии на професионалците коишто ќе бидат предложени како тим од страна на заинтересираните страни; доставувањето на работни биографии за секоја од бараните позиции за членовите на тимот е задолжително;
- соодветно работно искуство на секој член од предложениот тим кое нема да биде помало од 2 (две) години, што ќе може да се докаже преку деталните работни биографии;
- поседување препораки од коминтенти или партнери со кои претходно соработувале;
- способност за работа со крајни рокови и работа под притисок;

За сите прашања, контактирајте нѐ на contact@ekosvest.com.mk најдоцна до 01.08.2024 година, во 16:00 часот. Пристигнатите прашања од кој било од заинтересираните понудувачи ќе бидат одговорени и доставени до сите поканети понудувачи и објавени на веб-страницата на Еко-свест под објавата за повикот.

# **Фаза 2: Барање за доставување понуди**

**Временска рамка за доставување на понуда:**

По истекот на Повикот за изразување на интерес, заинтересираните страни кои ќе изразат интерес и ќе испратат целосна документација за овој повик ќе бидат поканети да достават свои понуди за наведените активности на електронската адреса contact@ekosvest.com.mk, со назнака „Понуда за изработка на два документарни филмови“. Рокот за доставување на понуди ќе биде отворен од 12.08.2024 година, најдоцна до 23.08.2024 година во 23:59 часот.

**Потребна документација за доставување понуди:**

**За правни лица:**

Технички дел од понудата:

- Предлог концепт за два кратки документарни филмови;
- Временска рамка;
- Професионални биографии (CV-а) на лица од тимот кој ќе работи на изработка на филмовите;
- Контакт од референци со кои е остварена претходна соработка.

Финансиски дел од понудата:

- Тековна состојба од субјектот, не постара од 6 месеци;
- Финансиска понуда по ставки изразена во македонски денари:
- Без вклучен ДДВ за документарниот филм/видео финансиран од проектот “Поддршка на одржливо управување со Споменикот на Природа Вевчански Извори” финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust. Проектот е ослободен од ДДВ.
- Со вклучен ДДВ за документарниот филм/видео проектот „Заедно за реките“ финансиран од The Nature Conservancy.

**За физички лица:**

Технички дел од понудата:

- Предлог концепт за два кратки документарни филмови;
- Временска рамка;
- Професионални биографии (CV-а) на лица од тимот кој ќе работи на изработка на филмовите;
- Контакт од референци со кои е остварена претходна соработка.

Финансиски дел од понудата:

- Финансиска понуда по ставки изразена во македонски денари.

Доставените материјали остануваат во архивата на Еко-свест.

Понудите кои ќе пристигнат по наведениот рок или без целосна документација, нема да бидат разгледувани.

**Критериуми за избор на најсоодветна понуда:**

По истекот на рокот за пријавување, ќе се креира Комисија од 3 члена, која ќе изврши бодување на пристигнатите понуди.

Бодувањето на пристигнатите понуди ќе се изврши на следниот начин:

- Предлог концепт за двата кратки документарни филмови - (50 поени)

- Портфолио и искуство на предложените членови на тим (30 поени)

- Финансиска понуда (20 поени)

Еко-свест ќе ги контактира сите понудувачи, не подоцна од 7 работни дена од истекот на периодот за доставување на понуда, за да ги извести за резултатот од постапката.

Сите понудувачи кои не биле избрани на повикот имаат можност во рок од 5 календарски дена да поднесат Приговори по однос на постапката.

Еко-свест ќе подготви одговор по евентуалните приговори до понудувачите-жалители.

По истекот на рокот за приговори, од избраниот понудувач, освен горенаведените податоци, ќе се побара да достави дополнителна документација која вклучува:

**За правни лица:**

Тековна состојба/потврда за регистрирана дејност на добавувачот; потврда за солвентност/бонитет; потврда/информација од Централен Регистар за забрана за вршење дејност и регистар за казни на правни лица; уверение за платени даноци и придонеси; изјави за доверливост и непостоење на конфликт на интереси од страна на избраниот кандидат (физичко лице) или изјава дека ги исполнува критериумите за учество (правно лице); биографии (CV) на консултантите; листа на референци/портфолио.

Дополнителната документација се доставува не подоцна од 3 работни дена по истекот на рокот за поднесување Приговори и ќе биде предмет на анализа од страна на Раководителот на финансии на Еко-свест и проектните координатори.

Договор со избраниот понудувач ќе се склучи најдоцна во рок од 7 работни дена.

**Анекс 1: Детален опис на работната задача**

**Опис на услугата**

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест од Скопје, во рамки на проектите “Поддршка на одржливо управување со Споменикот на Природа Вевчански Извори” финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust и „Заедно за реките“ финансиран од The Nature Conservancy има потреба од ангажман на физички и правни лица за изработка на два кратки документарни филма со цел промоција и едукација за придобивките од заштитените подрачја.

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и навиките за одржливо живеење и заштита на животната средина. Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде здрави граѓани одржливо живеат во благосостојба и хармонија со животната средина. Своите мисија и визија ги оствaруваме преку различни иницијативи кои вклучуваат поддршка и поттик на граѓанската свесност и активно учество на локалните заедници. Промовирањето на практични решенија во соработка со организации и институции, дополнително допринесуваат кон исполнување на нашата визија и мисија. За нашиот успех, доказ се јавните кампањи за подигнување на свеста за климатските промени, заштитата на природата и водите, аерозагадувањето, енергетската транзиција и зелената трансформација кои ги спроведуваме повеќе од две децении и имаат допрено до над 1 милион граѓани.
Проектите во кој се предвидува ангажман на физичко или правно лице за изработка на документарни филмови имаат за цел промоција на Споменикот на природа Вевчански Извори и идното заштитено подрачје Демиркаписка клисура.

**Цел на услугата**

Активностите што вклучуваат ангажман на физичко или правно лице за изработка на документарни филмови имаат цел да едуцираат и да ја подигнуваат свеста кај јавноста за потребата и придобивките од заштитените подрачја, можностите за локалното население од прогласувањето на заштитени подрачја, продолжување на употреба на позитивните практики во подрачјето, зачувување на природното наследство и културното наследство.

Преку документарните филмови треба да се прикаже улогата, потенцијалот и значењето кое заштитените подрачја ги имаат во одржувањето и зачувувањето на биодиверзитетот и природната состојба на еко-системите како и човековото здравје и благосостојба. Документарните филмови треба да ги прикажат карактеристиките поради кои што се заштитени или треба да се заштитат, моменталниот статус и начините на управување со овие подрачја и да демонстрира добри практики за овие аспекти. Документарните филмови е предвидено да опфатат и интервјуа со лица кои треба да вклучуваат претставници на локалното население.

Документарниот филм е потребно да биде прилагоден во соодветни формати за да може да се споделува на социјални медиуми и да може да се емитува на телевизија.

**Обем и детален опис на услугата**

За успешна реализација на планираните активности на организацијата во договорениот временски рок, ангажираното физичко или правно лице е потребно да ги спроведе следниве активности:

- Да изработи концепт креативно сценарио за два кратки документарни филмови;
- Да го презентира концептот за двата кратки документарни филмови пред Еко-свест и да ги модифицира во согласност со дадените насоки од Еко-свест;
- Да подготви и достави нацрт видео содржина за одобрување на страна на Еко-свест;
- Да ги интегрира насоките и забелешките од Еко-свест во крајната верзија на видео документарците;
- Да изработи комплетна видео продукција и постпродукција на документарните филмови, (со камера, дрон, микрофон, аудио продукција);
- Да обезбеди фотографии од снимањето и снимание подрачја;
- Да ги предаде документарните филмови во соодветен формат (висока дефиниција 1080 HD и верзија за споделување на социјални медиуми) во договорениот рок.
- Да одржува консултативни состаноци со лицата назначени за контакт од страна на Еко-свест, во термини меѓусебно и однапред договорени.

**Временска рамка**

Периодот на имплементација е во периодот од 2 септември 2024 и 30 септември 2025 година. По склучување на договорот, избраната страна ќе има период од 13 (тринаесет) месеци за реализација на договорените задачи.

| **Резултат** | **Краен рок** |
|---|---|
| **Вевчани** | |
| Поднесен разработен концепт | 16.09.2024 |
| Одобрување од страна на Еко-свест | 23.09.2024 |
| Снимање на терен – есен | 30.11.2024 |
| Снимање на терен - зима | 28.02.2025 |
| Снимање на терен - пролет | 15.05.2025 |
| Достава на пред-финална верзија | 30.05.2025 |
| Достава на финален продукт со вклучени коментари | 15.06.2025 |
| **Демир Капија** | |

| | |
|---|---|
| Поднесен разработен концепт | 30.04.2025 |
| Одобрување од страна на Еко-свест | 07.05.2025 |
| Снимање на терен | 15.08.2025 |
| Достава на пред-финална верзија | 15.09.2025 |
| Достава на финален продукт со вклучени коментари | 30.09.2025 |

**Буџет**

Максималниот буџет достапен за извршување на горенаведените задачи нема да надмине 184.000 МКД без вклучен ДДВ достапни од проектот “Поддршка на одржливо управување со Споменикот на Природа Вевчански Извори” финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust и 246.000 ден со вклучен ДДВ проектот „Заедно за реките“ финансиран од The Nature Conservancy.

**Контакт лице**

Контакт лица за проектот ќе бидат:

Наум Илиески
Е-маил: naum@ekosvest.com.mk
Контакт телефон: +389(0)71 381 551

и

Ѓорѓи Митревски
Е-маил: gjorgji@ekosvest.com.mk
Контакт телефон: +389(0)71 232 103

**Анекс 2: Изјава од понудувач**

**ИЗЈАВА**

Јас, долупотпишаниот ____________________________ (име и презиме) во функција на овластен застапник на ____________________________(име на правното лице) со целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека правното лице кое го застапувам нема ограничувања да биде понудувач во овој повик и дека поконкретно

- Правното лице не се наоѓа во стечајна постапка, банкрот или судски спор, правното лице нема склучено договор со доверители без можност да ги сервисира обврските кон кредиторите, и истото нема суспендирање на деловните активности на правниот субјект, односно активностите на правното лице не се предмет на постапка во врска со овие прашања или не се во било каква аналогна ситуација што произлегува од слична постапка предвидена во националното законодавство и регулативи;
- Правното лице и овластениот застапник не се осудени за прекршок по основ на непрофесионално однесување, со пресуда која има сила на *res judicata*;
- Правното или физичко лице застапник не е обвинето за тежок прекршок и/или недолично професионално однесување, по било кој основ докажано како праведно обвинето;
- Правното или физичкото лице застапоник не се утврдени за виновни со правосилна пресуда или со правосилна административна одлука за тешко недолично професионално однесување прекршувајќи ги важечките закони и прописи или етичките стандарди апликативни за професионалната област во рамки на која субјектот делува, или соучествувајќи во било какво несоодветно однесување кое има влијание врз неговиот професионален кредибилитет и кога таквото однесување укажува на погрешна намера или груба небрежност, вклучително и особено кое било од следното: измама или небрежно погрешно прикажување на информации потребни за проверка на отсуството на основи за исклучување или исполнување на критериумите за избор или спроведување на договорот, вршење притисок или влијание при процесот на донесување одлука, или обид да се добијат доверливи информации за предности во постапката на набавка;
- Правното лице ги исполнува обврските за плаќање на придонеси за социјално осигурување на вработените или плаќање даноци согласно законските одредби на земјата во која правниот субјект е основан или со одредбите важечки за земјата каде треба да се спроведе договорот;
- Правното лице не е предмет на пресуда која има сила на *res judicata* за измама, корупција, инволвираност во криминални дејствија или која било друга незаконска активност штетна за финансиските интереси на организацијата и донаторите.

На ден __________година　　　　　　　　　　Име и презиме на застапникот

Потпис и печат

# Потврда за посветеност:
# Кодекс на однесување на Еко-свест и декларација на судир на интереси

Ви благодариме што го пополнивте овој документ и го испративте до соодветното одговорно лице во Еко-свест, кое ќе го разгледа и ќе разговара со вас за сите потенцијални конфликти што може да ги декларирате. Декларирањето на судирот на интерес подолу треба да се пополни еднаш годишно, или кога ќе се појави нов идентификуван судир или на барање од Управните структури на Еко-свест.

**Потврдувам дека го прочитав, разбирам и целосно се обврзувам да го почитувам Кодексот на однесување на Еко-свест. Посебно ги признавам и се обврзувам на почитување на Политиката на Еко-свест за превенција на корупција, измама и судир на интереси, како и Упатството за укажувачи.**

| **Потпишал (Име и презиме):** | **Позиција/ Функција** | **Датум** |
|---|---|---|
| ------------------------------------------------- | ------------------------------------------------------- | --------------- |

**Своерачен потпис** -------------------------------------------------------

## Декларација за непостоење судир на интереси

**__X___ Изјавувам дека немам никакви судири на интерес, онака како што е опишано во политиката на Еко-свест.**

| ________________________ | ________________________ | ________________________ |
|---|---|---|
| ***Потпис*** | ***Име и презиме*** | ***Датум*** |

***ИЛИ***

**______ Изјавувам дека немам судири на интерес, онака како што е опишано во политиката на Еко-свест, <u>освен оние наведени подолу:</u>**

| ________________________ | ________________________ | ________________________ |
|---|---|---|
| ***Потпис*** | ***Име и презиме*** | ***Датум*** |

| **Потенцијална конфликтна „страна“** | **Однос на страната со Еко-свест** | **Однос на вработен/консултант/член на одбор со страната (вклучува и исплати и надоместоци)** | **Временска рамка на односнот меѓу вработениот/ консултантот/ член на Одбор и страната** | **Останати коментари, информации, податоци** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |